TRE

Контрола летења Србије и Црне Горе
SMATSA доо Београд

| ПРИМЉЕНО: 24 MAY 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. јед. | Број | Прилог | Вредност |
| TRE. | 00 - 61/359 | | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО
бр. 08-232/2
17.05.2016

Врз основа на член 9-д од Законот за воздухопловство („Службен Весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16 и 31/16), Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Сертификатите за положен испит од познавање на англиски јазик согласно ICAO Док. 9835, издадени од Центарот за обука на ANS персонал, Контрола на летање на Србија и Црна Гора SMATSA доо Белград, Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Македонија ги признава без дополнителни процедури за впишување на посебното овластување за познавање на англиски јазик во дозволите на контролори на летање издадени од Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Македонија.

2. Се обврзува Центарот за обука на ANS персонал, SMATSA да ја известува Агенцијата за цивилно воздухопловство за спроведените испити со контролори на летање, носители на дозволи издадени од Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Македонија, како и да доставува заверени копии од обновени сертификати за центарот за обука, како и авторизации на испитувачите кои ги спроведуваат испитите.

3. Извршна координација за организација и реализација на испитите ќе се врши директно помеѓу Здружението на контролори на летање на Македонија и Центарот за обука на ANS персонал, SMATSA.

4. Ова решение стапува на сила со денот на неговото донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Здружението на контролори на летање на Република Македонија поднесе барање до Агенцијата за цивилно воздухопловство бр. 08-232/1 од 11.02.2016 година, да се овозможи на контролорите на летање, носители на дозволи издадени од Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Македонија, полагање на TEA тестот во Центарот за обука на ANS персонал, Контрола на летање на Србија и Црна Гора SMATSA доо Белград, како алтернација за ELPAC тестот кој се применува во М-НАВ.

TRE 686 25.05.2016

Одделението за лиценцирање во Агенцијата за цивилно воздухопловство стапи во контакт со одговорните лица во Центарот за обука на ANS персонал, SMATSA и спроведе постапка за утврдување на условите за спроведување на испитите за познавање на англиски јазик согласно ICAO Док. 9835 со контролорите на летање од М-НАВ, известување за спроведените испити и нивно признавање од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Македонија.

Центарот за обука на ANS персонал, SMATSA со допис број 08-747/1 од 11.05.2016 година достави до Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Македонија заверена копија од сертификатот на Центарот за обука на ANS персонал, Контрола на летање на Србија и Црна Гора SMATSA доо Белград, заверена копија од сертификатот за TEA тестот и заверени копии од сертификатите на испитувачите, како и изјава за редовно известување на Агенцијата за цивилно воздухопловство од страна на SMATSA за спроведените испити со контролорите на летање, носители на дозволи издадени од Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Македонија.

Врз основа на наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение, незадоволната странка има право на судска заштита пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Доставено до:
- ЗКЛМ
- SMATSA
- Одд.за лиценцирање
- Архива

По овластување на Директорот на АЦВ
(решение број 02-137/1 од 30.01.2015 година)

Драган Китановски